*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 64 став 5 од од Деловникот на Собранието на Република Македонија (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 91/08, 119/10, 23/13 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 152/19) и член 25 од Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11,43/14, 153/15, 99/16 и 64/18), генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

# Упатство

## за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на лични податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Собранието на Република Северна Македонија

### Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на лични податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: "Контролорот")

### Член 2

За обработка на лични податоци, како и за пренесување на медиумите(преносен компјутер, мемори стик, ЦД-диск, флопи дискета, преносен тврд диск и други медиуми) надвор од работните простории на Контролорот, генералниот секретар донесува решенија (Образец бр.1 и Образец бр.2) кои се составен дел на ова Упатство.

### Член 3

За издадените решенија од член 2 на ова Упатство кај Контролорот се води евиденција која ги содржи следните податоци:

- реден број,
- име и презиме на вработениот,
- број и датум на решението,
- рок на важење
- обем на овластувањето за пристап до личните податоци,
- начин на пристап.

**Член 4**

Евиденцијата од член 3 на ова упатство се води на образец (Образец бр.3) кој е составен дел на ова упатство.
Евиденцијата од став 1 на овој член ја води администраторот на информацискиот систем во Контролорот.

бр. 01-5622/1
22.10.2019

Генерален секретар на Собранието
на Република Северна Македонија
Цветанка Иванова

Изработил: Ј.Трпкова Ќурапова
Ц. Најдески
Согласен: М. Нецев
Контролирал: Д. Мојсоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Образец бр.1

Врз основа на член 23 став 4 од Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11,43/14, 153/15, 99/16 и 64/18), а во врска со член 7 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Сл.весник на РМ“ бр. 38/09 и 158/2010) и член 2 од Упатството за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на лични податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Собранието на Република Северна Македонија генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

# РЕШЕНИЕ

1.Се овластува ____________________________________________________

(име и презиме и работно место на вработениот)

да врши обработка на лични податоци надвор од работните простории при извршување на работите од надлежност на Собранието на Република Северна Македонија.

2. Обемот на овластувањето за пристап до личните податоци е неограничен.

3. Начинот на пристап до лични податоци е во согласност со овластувањата пропишани во Законот за заштита на лични податоци.

4. Рокот на важење на ова овласување е за време додека е на работно место ______________________ во Собранието на Република Северна Македонија.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Генерален секретар на Собранието
на Република Северна Македонија
Цветанка Иванова

*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Образец бр.2

Врз основа на член 23 став 4 од Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11,43/14, 153/15, 99/16 и 64/18), а во врска со член 19 став 2 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Сл.весник на РМ“ бр. 38/09 и 158/2010) и член 2 од Упатството за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на лични податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Собранието на Република Северна Македонија генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

# РЕШЕНИЕ

1.Се овластува ____________________________________________

(име и презиме и работно место на вработениот)

да изврши пренесување на ____________________________________

(да се наведе видот на медиумот: преносен компјутер, мемори стик, ЦД-диск, флопи дискета, преносен тврд диск, и друфи медиуми), надвор од работните простории на Собранието на Република Северна Македонија ____________________________

____________________________________________________________

(да се наведе причината и периодот)

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Генерален секретар на Собранието
на Република Северна Македонија
Цветанка Иванова

*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Образец 3**

**ЕВИДЕНЦИЈА**
**ЗА ЛИЦА ОВЛАСТЕНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА МЕДИУМИ НАДВОР ОД РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

| Реден број | име и презиме на вработениот | број и датум на решението | рок на важење | обем на овластувањето за пристап до личните податоци | начин на пристап |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

Генерален секретар на Собранието на Република Северна Македонија

Цветанка Иванова